Планирани 7.000.000 денари за одржување на јавната чистота на општината.

**14. Програма Ј6 - Одржување и заштита на локални улици, патишта**

Планирани 6.500.000 денари за изградба на свлечиштe на пат с.Подареш - с. Смиљанци, хоризонтална и вертикална сигнализација, ангажирање на потребна механизација за чистење на коловозни површини, набавка на ризла и сол во зимскиот период и др.

**15. Програма Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило**

Планирани 7.000.000 денари за тековно-оперативни расходи поврзани со одржување на постојните паркови, зеленило и други јавни површини.

**16. Програма Ј8 - Други комунални услуги**

Планирани 1.454.814 денари за тековно - оперативни расходи за дезинфекција, дезинсекција, дератизација, згрижување и третирање на кучиња скитници во општината.

**17. Програма ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

За реализација на оваа програма се предвидени вкупно 67.132.918 денари. Од нив 11.771.862 денари се однесуваат на развојната програма за одржување, реконструкција, рехабилитација на постоечки коловоз на улици, додека 5.000.000 денари се однесуваат на развојната програма за уредување на јавни површини. Понатаму 38.561.056 денари се предвидени за реконструкција на улици, од нив 22.000.000 денари се учество на Општина Радовиш во финансирање на проект Локален пат -Обиколница Малешевски пат с.Подареш и 16.561.056 денари за изградба на улица во с. Воиславци со регулација на речно корито. Понатаму 3.800.000 денари се предвидени за подготвување на проектна документација и елаборати, 5.000.000 денари за надомест за одземен имот - експропријации.

**18. Програма ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

За реализација на оваа програма се предвидени 417.420 денари во буџетот на донации, за изградба на фекална канализациона мрежа во м.в. Карши Маале с.Подареш.

**19. Програма ЈН - Капитални расходи за урбана опрема**

За реализација на оваа програма се предвидени 1.198.668 денари, од кои 700.000 денари во основен буџет за набавка на нова урбана опрема, а 498.668 денари во буџетот на донации, за градска фонтана кај кружен тек.

**20. Програма К1 Библиотекарство**

Предвидени 8.013.173 денари, најголем дел од дотации 7.194.173 денари, 400.000 денари од основниот буџет и 419.000 денари од самофинансирачки активности. Средствата се наменети за финансирање на работењето на Градската библиотеката.

**21. Програма К2 Музичка и сценско - уметничка дејност**

Предвидени се вкупно 4.149.985 денари, најголем дел од дотации 2.384.985 денари, 1.600.000 денари од основниот буџет, 65.000 денари од

самофинансирачки активности и 100.000 денари од донации. Средствата се наменети за финансирање на работењето на Центарот за култура.

**22. Програма К4 - Културни манифестации и творештво**

Предвидени се вкупно 6.000.000 денари, од кои во основниот буџет 3.500.000 денари и 2.500.000 денари во буџетот на донации за поддршка на организирање на културни манифестации и активности во општината.

23. **Програма КА - Капитални расходи во култура**

За реализација на оваа програма се предвидени вкупно 119.096.728 денари. Од нив 25.800.483 денари се однесуваат на развојната програма за "Реконструкција со пренамена на Стоковна куќа - прва фаза" 15.339.696 денари се однесуваат на развојна програма "Реконструкција на културен дом Ацо Караманов" и 77.875.549 денари на развојна програма "Реконструкција со пренамена на Стоковна куќа - втора фаза". Понатаму во оваа програма КА се предвидени 81.000 денари за набавка на опрема и книги за ОНБ "Браќа Миладиновци".

**24. Програма Л0 -Спорт и рекреација**

Предвидени се вкупно 14.500.000 денари, од кои за поддршка на спортски клубови, здруженија, сојузи и спортски манифестации во општината износ од 12.250.000 денари, 1.450.000 денари трансфери на ЈПССО "Радовиш 2014", 300.000 денари субвенционирање на дел од трошоци за тренерски лиценци и 500.000 денари за субвенционирање за набавка на велосипеди.

**25. Програма МВ-регионален развој**

Оваа програма ги вклучува расходите за развојна програма Грин хит, Зелена топлина во износ од 1.358.120 ден. која е финансирана со средства од ЕУ кои произлегуваат од ИПА компонентите, како донација за проектот Green Heat - Воведување на ефикасна услуга за централно греење ориентирана кон клиентите за мала мрежа базирана на обновливи извори на енергија.

26. **Програма Н1 - Основно образование**

За оваа програма се планирани вкупно 279.954.000 денари. Најголем дел во износ од 278.329.000 денари се планирани од блок дотации, 1.525.000 денари од основниот буџет и 100.000 денари од самофинансирачки активности во образованисто. Со планираните средства ќе се финансираат платите и останатите тековно - оперативните расходи, капитални расходи во петте основни општински училишта, стипендии на ученици, награди на ученици и ментори, матурска поддршка и др.

**27. Програма Н2 - Средно образование**

За оваа програма се планирани вкупно 63.183.000 денари. Најголем дел во износ од 61.778.000 денари се планирани од блок дотации, 1.025.000 денари од основниот буџет и 380.000 денари од самофинансирачки активности во образованието. Со планираните средства ќе се финансираат платите и останатите тековно - оперативните расходи,

капиталните расходи во средното општинско училиште, стипендии на ученици, награди на ученици и ментори, матурска поддршка и др.

28. **Програма Љ00 - Заштита и спасување**
Планиран износ од 8.518.004 денари за регулација на дел од речно корито на Ораовичка река. Од овие средства 6.018.004 ден. ќе се финансираат од Министерство за животна средина и просторно планирање, додека за 2.500.000 денари е планирано учество од основниот буџет на Општина Радовиш.

**29. Програма В1 - детски градинки**
**30. Програма ВА - Капитални расходи за детски градинки**
За овие две програми се планирани вкупно 53.900.902 денари, од кои 43.644.902 денари од блок дотации, 8.256.000 денари од самофинансирачки активности на градинката и 2.000.000 денари од основниот буџет. Вкупните средства се предвидени за потребите поврзани со работењето на детската градинка.

**31. Програма В3 - социјални услуги**
Предвидени вкупно 5.250.000 денари, согласно програмата за социјална, детска и здравствена заштита.

**32. Програма Њ0 Противпожарна заштита**
Финансирањето на противпожарната единица во општина Радовиш во 2026 година изнесува 22.165.000 денари. Од нив 11.165.000 денари се планирани во основниот буџет, а 11.000.000 денари во буџетот на дотации. Средствата вклучуваат плати, надоместоци, тековно-оперативни расходи поврзани со работењето на ТППЕ.

**33. Програма ЊА Противпожарна заштита - капитални трошоци**
Предвидени 995.000 денари, од кои 695.000 денари за набавка на комплет изолационен апарат за дишење -Драгер и 300.000 денари за набавка и монтажа на мебел за ТППЕ.

**34. Програма Х1 Родова еднаквост**
Предвидени 120.000 денари за тековно-оперативни активности поврзани со родово одговорно буџетирање.

Сите погоре наведени расходи изнесуваат вкупно **849.711.745** денари, при што во основниот буџет се планирани **431.205.477** денари, во буџетот на дотации **404.331.060** денари, во буџетот на самофинансирачки активности **9.301.000** денари и во буџетот на донации **4.874.208** денари.

**Информација за обврските и состојбата на задолжување на Општина Радовиш и ЈП основани од општината**

Тековните обврски што ги има Општина Радовиш во моментот спрема добавувачите по разни основи изнесуваат 19.721.325 денари. Најголем дел од овој износ, односно 7.771.907 денари се кон ДГПТУ "Битем" и 3.999.955 денари кон Урбан Павер, согласно развојната програма за одржување, реконструкција, рехабилитација на улици во градот и населените места. Кон ЈП "Плаваја" Општина Радовиш има обврска од 4.180.545 денари, но и побарување од 1.078.639 ден.

Во однос на кредитот за кој општина Радовиш има Договор за заем со Министерството за финансии во рамки на средства обезбедени со Проектот за подобрување на општински услуги финансиран од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, општината во моментот има долгорочна обврска за отплата на уште 9.896.246 ден. од вкупно искористените 39.602.627 денари.

Во однос на новиот долгорочен кредит за кој Општина Радовиш има склучено договор со Комерцијална банка АД Скопје со бр. 03-248/11 од 06.06.2023 год. за капитален инвестиционен проект Градски Пазар на износ од 1.296.900 евра, Општина Радовиш има искористено вкупен износ од 1.064.768 евра или 65.504.683 денари. По овој договор Општина Радовиш има долгорочна обврска за отплата од 1.260.754 евра, што треба да ја исплати во шеснаесет еднакви полугодишни ануитети заклучно со 2033 година. ЈП Плаваја по првиот кредит земен од KfW банка, за Проектот "Водовод и канализација на општините фаза 1" има долгорочна обврска за отплата на уште 239.765 евра, додека по вториот кредит за Проектот "Водовод и канализација на општините фаза 1 - чекор 2" има долгорочна обврска за отплата на уште 494.291 евро.

Изработил: Рак. сект. фин.праш.
Костадинка Поп Гонова

Радовиш, 18.12.2025 год.

ОПШТИНА РАДОВИШ
Градоначалник
Ѓунчо Почивалец

10

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2026 година, бр.08-1622/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2025 година.

Број 09-1622/2 Градоначалник
Дата 26.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и "Службен весник на РСМ" бр. 202/24 ), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25), член 93 став 2 од Законот за административните службеници ("Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година ("Службен весник на РСМ" бр. 253/25), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државно правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ ("Службен весник на РСМ" бр. 51/20, 172/21), одредбите на Колективниот договор на Општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25.10.2022 год., член 43 од Статутот на Општина Радовиш и Одлуката на Уставниот суд на РСМ У. бр. 113/2022 ("Службен весник на РСМ" бр. 65/23) Советот на Општина Радовиш на VIII седница одржана на 26.12.2025 година донесе

**Одлука за извршување на буџетот**
**на Општина Радовиш за 2026 година**

Член 1

Буџетот на Општина Радовиш за 2026 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст - буџетот).

Член 2

Буџетот на Општината се состои од:
Основен буџет;
Буџет на самофинансирачки активности,
Буџет на донации;
Буџет на дотации и
Буџет на заеми.

Член 3

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства

во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично во согласност со закон.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите планирани расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации, Буџетот на дотации или Буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, односно 2,23 применет на основица на просечна исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика, а во согласност со решение за плата на градоначалник донесено од Комисија за мандатни прашања, избори и именувања.

вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;

на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи

ќе им се исплаќа бруто плата согласно Колективен договор на Општина Радовиш со бр. 03-1619/1 од 25/10/2022 година и Анекс за измени и дополнувања на колективниот договор за вработените во општина Радовиш со бр. 03-1404/1 од 25.11.2025 година.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2026 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со закон и потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

средствата ќе се планираат на сметка - дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката - дотации на локалните јавни установи (903);

локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од пет дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии преку ресорното министерство и да приложат образец М -1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на Општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата. Ресорните министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Согласно чл. 29 - б, чл. 29 - в, чл. 29 - г од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/24 и 272/24) следува:

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот на општината, за раководење и организирање на работата на советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот месечен надоместок за присуство на седници на членовите на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не

присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.
Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 13

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.
Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 800 денари 2 и тоа за секои поминати од 08 - 12 часа половина дневница (400 денари) и цела дневница од 12 -24 часа (800 денари).
За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци3.

Член 14

"Исплата на име регрес за годишен одмор ќе се врши од програма "Општинска администрација - Е0", "Противпожарна заштита - Њ0", "Градоначалник –Д0", расходно конто 404110 - Надомест за годишен одмор, на основа донесена одлука од Градоначалникот.
Висината на регресот за годишен одмор се утврдува во висина од најмалку 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија, исплатена во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.4"

Член 15

Согласно чл. 15 од Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година ("Службен весник на РСМ" бр. 253/25), во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци, на вработениот му се исплаќа еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето-плата во органот каде што е вработен. Исплатата се врши од програма "Е0 - Општинска администрација", "Њ0-Противпожарна заштита", "Н1 и Н2-образование", "В1 - социјална заштита и заштита на деца", "К1 и К2 - култура", односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, расходно конто 464990 - Разни трансфери.

---

2 Член 31 од Колективен договор на општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25/10/2022 година
3 Член 32 од Колективен договор на општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25/10/2022 година

Член 16

Користењето на средствата од буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.
Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000 денари, каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 17

За средствата утврдени во буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.
За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе на Советот на општината Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

Член 18

Согласно чл. 16 од Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година ("Службен весник на РСМ" бр. 253/25), во случај на заминување на работникот во пензија му се исплаќа двократен износ за отпремнина, пресметан врз основа на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата. Исплатата се врши од Програма - "Е0 – Општинска администрација", "Ѓ0- Противпожарна заштита", "Н1 и Н2 - образование", "В1 – социјална заштита и заштита на деца", "К1 и К2 - култура", односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање.

Согласно чл. 17 од Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

4 Член 38 од Колективен договор на општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25/10/2022 година

Надоместоците од претходните ставови се исплаќаат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта и донесено решение од страна на Градоначалникот, односно од директорот на локалната јавна установа.

Исплатата ќе се врши од Програма - "Е0 - Општинска администрација", "Ѓ0- Противпожарна заштита", "Н1 и Н2 - образование", "В1 - социјална заштита и заштита на деца", "К1 и К2 - култура", односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, расходно конто 464990 - Разни трансфери.

Член 19

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од програма "Е0 - Општинска администрација" или "Ѓ0 - Противпожарна заштита", расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно чл. 40 од Колективен договор на Општина Радовиш бр. 03-1619/1 од 25.10.2022 год.

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши и од програмите: Н1 и Н2 образование, В1 социјална заштита и заштита на деца, К1 и К2 култура, односно од програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, согласно со потпишаните колективни договори со ресорните министерства или согласно со одредбите на член 20 став 1 алинеја 11 од Општ колективен договор за јавниот сектор или согласно друг правен акт, а врз основа на донесено решение од директорот на локалната јавна установа.

Член 20

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 21

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на

општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација и

вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 22

Се овластува секторот за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата, по донесени решенија од Градоначалникот.

Член 23

За реализација на средствата утврдени во поодделни програми донесени од Советот на општината, кои целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

Член 24

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 25

Согласно чл. 117, ст. 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), на работникот кој работел над 150 часа подолго од полното работно време, а не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден во текот на годината, кај истиот работодавач во кои не се засметуваат деновите на искористен годишен одмор, работодавачот е должен да му исплати покрај додатокот на плата и бонус во висина од една просечна плата во Републиката. Исплатата се врши на основа донесено решение од Градоначалникот од програма "Ѕ0 - Противпожарна заштита", расходно конто 404150 - Други надоместоци.

Член 26

Буџетот на Општина Радовиш се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

Член 27

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Радовиш", а ќе се применува од 01 јануари 2026 година.

Бр.08-1622/1 Совет на општина Радовиш
Дата 26.12.2025 г. Претседател
Радовиш ГоцеРединец с.р.

Образложение кон Одлуката за извршување на буџетот на Општина Радовиш за 2026 година

Буџетот на општината се извршува согласно Одлука за извршување на Буџетот на општината за соодветната фискална година, со која поблиску се определува начинот и условите за управување и извршување на Буџетот.

Со цел обезбедување на концептуална и сметководствена рамка во извршувањето на функциите на општината со Одлуката се регулираат следниве прашања:

се воспоставува обврска за општината и корисници на средства од Буџетот, средствата да ги користат рационално, наменски и економично во согласност со закон;

износот на утврдените расходи во Буџетот може да се користи само во висина на одобрените средства, а за новите обврски кои ќе се преземат треба да се предложат и нови извори на средства, или соодветно намалување на другите планирани расходи;

се уредува начинот на користењето на средствата од буџетските резерви;

користење на средствата по основ на надоместоци кои се исплатуваат врз основа на стекнати права, при што се утврдуваат условите под кои вработените ги остваруваат овие права;

месечниот надоместок на советниците за присуство на седници на Советот се утврдува како процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, утврдена согласно Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката;

пресметка на платата на градоначалникот на општината се утврдува врз основа на коефициент и основица утврдени во Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката;

се утврдуваат процедурите за исплата на плати на вработените во локалните јавни установи;

се утврдуваат процедурите според кои нови вработувања може да се вршат само доколку се во согласност со актите за систематизација и за истите да се обезбедени средства во Буџетот на општината или во Буџетот на Република Северна Македонија и

поконкретно се уредува начинот на користењето на средства по определени програми, потпрограми и потставки.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година, бр.08-1623/1
што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 26.12.2025 година.

Број 09-1623/2 Градоначалник
Дата 26.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) Совет на општина Радовиш на VIII седница одржана на 26.12.2025 година донесе

Одлука
за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите
на државните службеници за 2026 година

Член 1
Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година изнесува 81,6 денари.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш", а ќе се применува со исплата на плата за јануари 2026 година, по утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 година од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Број 08-1623/1Совет на општина Радовиш
Дата 26.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,
Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Општински Буџетски календар на Општина Радовиш за 2026 година

Го прогласувам и објавувам Општинскиот Буџетски календар на Општина Радовиш за 2026 година, бр.08-1624/1
што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 26.12.2025 година.

Број 09-1624/2 Градоначалник
Дата 26.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 27 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и “Сл. весник на РСМ“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) Советот на ОпШтина РадовиШ на VIII седница одржана на 26.12.2025 година донесе

# ОПШТИНСКИ БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2026 ГОДИНА

| Датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| **Декември/Јануари** | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар | Општинска администрација/Совет на општината |
| **Јануари** | Објавување на донесениот буџет од тековната година на општинската веб страница и споделување со јавноста | Општинска администрација |
| **Август/Септември** | Се анализираат резултатите/ реализацијата на програмите/проектите од претходниот период, и потребата за нивно унапредување, дополнување, продолжување/прекинување итн..<br><br>Советот на Општината разгледува развојни документи и започнува процесот за подготовка на Планот на програмите за развој за наредната фискална година | Градоначалник/ Општинска администрација<br><br>Совет/Општинска администрација |
| **Септември/Октомври** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината<br><br>Градоначалникот доставува општински буџетски циркулар со главни насоки до општинските буџетски корисници за изготвување на финансиски планови и до одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми<br><br>Организирање на буџетски форуми со граѓаните и посебните засегнати страни. На овие форуми може да се разгледуваат нацрт развојните и нацрт годишните програми. | <br><br>Градоначалник Општинска администрација<br><br>Градоначалник Општинска администрација |
| **Октомври** | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби, буџетски трошења во контекст на нивните планирани активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/ приоритетите/активностите на секој од општинските сектори<br><br>Општинските буџетски корисници и | Општинските буџетски корисници/ Општинска администрација/ Сектор за финансиски прашања<br><br>Општинските |

| | | |
|---|---|---|
| | одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог финансиските планови и предлог програмите за наредната година со образложение за висината на износите по позиции | буџетски корисници/ Општинска администрација |
| **Октомври** | Одделот за буџет врши вклопување и анализирање на доставените предлог програми и се одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог буџет | Сектор за финансиски прашања / Градоначалник |
| **Најдоцна до 20 октомври** | Предлог план на програми за развој и Годишни програми усогласени со насоките од Циркуларот се доставуваат на одобрување до Советот на општината | Градоначалник |
| **Најдоцна до 15 ноември** | Се финализираат, разгледуваат и одобруваат Планот на програмите за развој и Годишните програми за наредната фискална година | Совет на општина |
| **Крај на ноември** | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината.<br><br>Споделување на предлог буџетот, годишните и развојните програми со јавноста, организирање на информативна сесија. Доколку има издржана сугестија/забелешка од јавноста истата се имплементира пред доставување на предлог буџетот до Советот. | Градоначалник |
| **Декември** | До Советот се доставува конечен Предлог буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение<br>Се води расправа во телата на Советот на Општината. | Градоначалник<br><br>Совет на општина |
| **Крај на декември** | -Донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>-Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината<br>-Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници | Совет на општина |

Со буџетскиот календар се утврдуваат роковите во кои :

- Градоначалникот на опШтината до опШтинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови, како и насоките за подготовка на Планот на програми за развој и други програми од страна на надлежни служби во опШтината.
- ОпШтинските буџетски корисници и одделенија/ сектори во Општината ги доставуваат своите финансиски планови и програми до Градоначалникот.
- Градоначалникот го доставува предлог буџетот до Советот на опШтината за донесување.
- Советот на опШтината го донесува Буџетот за наредната година најкасно до 31.12 во тековната година.

Бр. 08-1624/1
26.12.2025 год.
РадовиШ

Претседател
на Совет на ОпШтина РадовиШ
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Заклучок за усвојување на Извештај на
Работните тела на
Советот на општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештај на Работните тела на Советот на општина Радовиш, бр.08-1625/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 26.12.2025 година.

Број 09-1625/2 Градоначалник
Дата 26.12.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на VIII седница одржана на 26.11.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештај на
Работните тела на
Советот на општина Радовиш

член 1

Се усвојуваат Извештајот на работните тела приложени на седниците на Советот на општина Радовиш одржани на 26.12.2025 година и тоа:

-Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, 5-та седница одржана на 26.12.2025 година;

член 2

Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1625/1 Совет на општина Радовиш
Дата 26.12.2025 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Содржина:

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на дел од финансов план за 2026 година на ЈОУДГ „Ацо Караманов”- Радовиш---------------------------1
-Одлука за усвојување на дел од финансов план за 2026 година на ЈОУДГ „Ацо Караманов”- Радовиш--------------------------2
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Радовиш за 2026 година и Буџетот на Општина Радовиш за 2026 година----------------------------------------------2
-Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Радовиш за 2026 година------------4
-Буџетот на Општина Радовиш за 2026 година----------------------------------------------5
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2026 година----------96
-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2026 година----------96
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година-----------------103
-Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година-103
-Решение за прогласување и објавување на Општински Буџетски календар на Општина Радовиш за 2026 година---------------------103
-Општински Буџетски календар на Општина Радовиш за 2026 година--------104
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Извештај на Работните тела на Советот на општина Радовиш----------------------------------------107
-Заклучок за усвојување на Извештај на Работните тела на Советот на општина Радовиш----------------------------------------107